

# МАНАСТИРОТ СЛЕПЧЕ И ПОСТВИЗАНТИСКАТА УМЕТНОСТ НА БАЛКАНОТ ОД XVI И XVII ВЕК

## Зборник на трудови



Виктор Недески

# СЛОВЕНСКАТА ХАГИОГРАФСКА ТРАДИЦИЈА ЗА СВЕТИ ВАРВАР ПЕЛАГОНИСКИ И НЕЈЗИНИОТ ИЗРАЗ ВО УМЕТНОСТА НА БАЛКАНОТ ОД XIV ДО XVIII ВЕК

Апстракт: *Во православната хагиографска традиција се познати неколку светители кои го носат името „Варвар“, кои, според податоците од хагиографските извори, можат да се поделат на два вида светители: свети воини и маченици-подвижници. Во изворите, приказната за покајникот и маченик, најчесто се лоцира во северна Грција. Меѓутоа, словенската хагиографска традиција, претставена со опширното словенско житие за свети Варвар, дава поинаква географска поставеност на настаните, тесно поврзувајќи го животот на светителот со Пелагонија и Охридската архиепископија. Оваа хагиографска традиција ќе го најде својот израз во уметноста на Балканот, особено на територијата на Охридската архиепископија.*

Клучни зборови: *свети Варвар, Пелагонија, житијна литература, иконографија, Охридска архиепископија*

Abstract: *In the orthodox hagiographic tradition, several saints who bear the name "Barbaros" are known, which, according to the data from the hagiographic sources, can be divided to two types of saints: holy warriors and ascet-martyrs. In the sources, the story about the penitent-ascetic and martyr, most often is located in Northern Greece. However, the Slavic hagiographical tradition represented by the extensive Slavic Vita of St. Barbaros, empowers a different geographical arrangement of the events, closely connecting the life of the saint to Pelagonia and the Ohrid Archbishopric. This hagiographic tradition will find its expression in the art of the Balkans, especially on the territory of the Ohrid Archbishopric.*

Key words: *Saint Barbarus, Pelagonija, hagiography, iconography, Ohrid Archbishopric*

Во православната хагиографска традиција се познати неколкумина светители кои го носат името „Варвар“, кои, според податоците од хагиографските извори, можат да се ограничат на два типа светители: 1. воин-

маченик и 2. покајан разбојник аскет и маченик. Повеста за светителот воин е локализирана во градот Метоне (во Тесалија, Пелопонес или северна Италија) според грчките и латинските извори. Во најраниот од овие извори, кој датира од IX век,[1] свети Варвар е претставен како маченик од времето на императорот Јулијан Отстапник, кој во Тракија одбил да принесе жртва на идолите за што бил мачен и обезглавен,[2] по што бил погребан во Метоне.

Во изворите повеста за покајникот-аскет и маченик најчесто е лоцирана во Елада. Во Новиот Лимонариј, во житието на свети Варнава и свети Софрониј, од Акакиј Саваитис (крај на XII – почеток на XIII век) е вметнат расказ за свети Варвар – покајаниот разбојник,[3] во кој се спомнува дека моштите на светителот се наоѓаат во манастир во Горaта на ќелиите, на три дена пат северно од Лариса.[4] Според Словото за свети Варвар од Константин Акрополит (починал 1321-1324 г.)[5] светителот потекнувал од Африка и бил војник во времето на императорот Михаил II (820 – 829).[6] Кога решил да се покае за злоделата, бил окован во вериги. Умира случајно во Никопол, погоден од стрелата на ловец, а неговите мошти се покажуваат мироточиви. За жал, Акрополит не дава никаква информација за локацијата на моштите во негово време. Како покајан разбојник и мироточив свети Варвар е опишан во уште неколку византиски текста, како што е Словото на Јосиф Вриениј (XV век), кој посочува дека изворот на миро е во Елада.[7] Но, за разлика од грчките житијни текстови, словенската хагиографска традиција, претставена преку опширното словенско житие за свети Варвар, презентира една поинаква географска поставеност на настаните, тесно поврзувајќи го животот на светителот со Пелагонија и Охридската архиепископија.

Ова пространо житие е насловено како *Житие и живот на преподобниот наш отец Варвар Мироточив, кој се подвизувше во Пелагонискатa Гора, од каде и како дојде во таа област*. Објавено е уште на крајот на XIX век од страна на Јацимирски,[8] кој го открил во молдавски ракопис од 1448 г., составен од Гаврил

[1] Ракопис Paris No. 1470 во Париската национална библиотека (cf. H. Delehaye, *Les actes de S. Barbarus*, AnalectaBollandiana, 29, 1910, 276-279).
[2] Ibid., 289-301.
[3] Веројатно овој расказ датира од годините помеѓу 1207 и 1261 г. (cf. F. Tomson, *Hagiografica in the Slavonic Manuscripts of the PontificioIstituto Orientale. Together with an Excursus on the Slav Accounts of St. Barbarus*, Analecta Bollandiana, 119, 2001, 373-374).
[4] *Νέον Λειμωνάριον*, Βενετία 1819, 37.
[5] F. Tomson, *op. cit.*, 373.
[6] H. Delehaye, *op. cit.*, 279-280.
[7] Тука се спомената свети Теодосиј, свети Евдоким, свети Михаил, како и неколку мироточиви извора, помеѓу кои и храмот Свети Димитриј во Солун и храмот посветен на свети Варвар во Елада (cf. Delehaye, *op. cit.*, 286-287).
[8] А. И. Яцимирский, Из славянских рукописей. Тексты и заметки. Житие преподобного Варвара-разбойника охридского, Москва 1898, 35-55.

Урик.[9] Според Јацимирски, кој го именува „Житие на Варвар Охридски“, житието е напишано во 1435 г. од „некој Кипријан“,[10] чие име се чита на крајот од житието пред четирите епиграфаки стиха. Јацимирски се однесува кон ова житие како кон оригинален текст, а не како кон преработка на византиска творба, а уште помалку како кон хагиографска разработка на пролошкото житие на свети Варвар Разбојникот. Тој смета дека ова житие ги разрешува контрадикторните информации за свети Варвар Еладски, кој во различните житијни текстови е различно претставен, и дека постои еден мироточив Варвар, токму оној опишан во текстот откриен од него. Според него свети Варвар живеел во XIV век, а почетокот на неговото почитување треба да се поврзе со свети Теодосиј Трновски.

Подоцна Житието на свети Варвар Пелагониски е анализирано од повеќемина автори, кои презентираат различни ставови во однос на авторството, времето и местото на настанување, но и оригиналноста на овој житиен текст[11]. Житието е сочувано во пет преписи, сите настанати во Молдавија во текот на XV век, кога земјите на север од Дунав го оформуваат својот богослужбен книжевен репертоар на словенски јазик.[12] Важно е да се нагласи и тоа што името на Кипријан се среќава само во еден од преписите што е и главниот аргумент на одредени научници кои го оспоруваат неговото авторство.[13] Заклучокот на повеќето истражувачи на овој житиен текст, составен по модел на житијата од Метафрастов тип,[14] е дека тој е еден од најраните оригигинални обиди на Трновската хагиографска школа, настанат околу средината на XIV век, кога помеѓу Трновската патријаршија и Охридската архиепископија постојат тесни врски.[15] Присуството, пак, на житието во Молдавија се објаснува со фактот што во XV век меѓу (Влашка и) Молдавија и Охридската архиепископија постои голема соработка, па така јасен е интересот на молдавските препишувачи за житието на еден светител кој е поврзан со Охрид и Светиклиментовиот престол.[16]

---

[9] Кодексот бил сопственост на Јацимирски кој според неговите зборови го купил во еден манастир во Бесарабија, (Cf. Яцимирский, *op. cit.*, 34). Овој ракопис заедно со целата библиотека на Јацимирски станува сопственост на Библиотеката на Руската академија на науките во Санкт Петербург и се чува под сигнатура 13.3.19. Најново и најполно истражување на кодексите напишани од раката на Гаврил Урик прави А. Паскал, (cf. А. Д. Паскаль, *Итоги и задачи изучениярукописей Гавриила Урика как ранних источников по истории славяномолдавской книжности XV века*, Исследования по источниковедению истории СССР дооктябрьского периода, Москва 1989, 4-32.

[10] А.И. Яцимирский,. *op. cit.*, 35.

[11] К. Иванова, *Житието на Варвар Мироточец Пелагонийски (Битолски)*, Palaeobulgarica / Старобългаристика 24(2), 40–60.

[12] Ibid. 43-46.

[13] Ibid. 42.

[14] За оваа тематика види: В. Измирлиева, *Жанрови трансформации в агиографската проза на Патриарх Евтимий: Връзката увод – жанрова концепция*, Старобългарска литература 23-24, 1990, 12-33.

[15] К. Иванова, *Агиографската продукция на Търновската книжовна школа,* София 1979, 403-404.

[16] К. Иванова, *Житието на Варвар Мироточец Пелагонийски (Битолски)*, 46.

За поврзаноста на свети Варвар Мироточив со Трново во овој период постои уште еден значаен историски податок. Уште првите истражувања на Житието на свети Варвар Пелагониски го поврзуваат интересот за овој светител со положбата на Трновската црква во текот на XIV век, кога стремејќи се да воспостават црковна независност од Цариградската патријаршија, Бугарите одбиваат да купуваат миро од неа, и приготвуваат свое во Трново. За оваа појава сведочи Синодалната грамота до свети Теодосиј Трновски и неговиот пријател монахот Роман.[17] Грамотата е испратена на иницијатива на патријархот Калист I (1350 – 1353, 1355 – 1363) во декември 1355 г. Во неа покрај другите прашања се соопштува дека бугарските свештеници не купуваат миро по озаконетото предание од Цариград, туку наместо тоа користат „миро од моштите на светиот и славен великомаченик Димитриј и на свети Варвар“.[18] Овој акт, секако, претставува силен показател за ширењето на култот на свети Варвар во тоа време.

Она што остава најсилен впечаток при споредбата на Житието на свети Варвар Пелагониски со византиските текстови за свети Варвар Еладски е промената на местото на дејствието. Впечатливо е тоа што ова житие презентира една постоечка и реална, но противречна топографија, која многу се разликува од византиските текстови, без да може целосно да се ослободи од нив. Така, уште од самиот наслов забележуваме дека светителот се поврзува со последното место на неговиот подвиг опишано во ова житие, а тоа е Пелагониската Гора. Самото пренесување на главните настани во внатрешноста на Македонија бара одредено објаснување. Свети Варвар преминува од бреговите крај Драч далеку на југ. Неколку години живее во приморската пустина, а од таму заминува на североисток во некое село во Пелагонија. Во Пелагониската Гора минува 17 години. Според житието, оваа гора се спушта на југ до морето што секако асоцира на имагинарно место. Едното од понудените објаснувања е дека станува збор за Преспанското Езеро,[19] кое авторот по грешка го именува море, што секако е

[17] Насловот на Синодалната грамота е: Παραίνεσις, διδασκαλίᾳ καί ἀπολογίᾳ του ... πατριάρχου κῦρ Καλλίστου, καί τῆς περί αὐτόν θείας καί ἱεράς συνόδου περί του ἁγίου βαπτίσματος, γενομένῃ πρός τούς ἐν τῳ τόπῳ του Τρινόβου εὑρισκομένους τιμιωτάτους μοναχούς καί λοιπούς ἱερεῖς. Грчкиот текст е издаден во: F. Miklošich – J. Müller, Acta et diplomata graeca mediiaevi. Acta Patriarchatus Constantinopolitani, т. 1, Vindobonnae 1860, No. 18, 436-442. За текстот на грамотата види: П. А. Сырку, *К истории исправления книг в Болгарии в XIV веке, т. 1, Вып. 1. Время и жизнь патриарха Евфимия Терновского*, Санкт-Петербург 1898, 278-292; В. Златарски, *История на Българската държава през средните векове*, т. 3, София 1982, 437.

[18] Оваа тема најдобро е анализирана од Радченко, (cf. К. Радченко, *Религиозное и литературное движение в Болгарии в эпоху перед турецким завоеванием*, Киев 1898, 179-184). За Радченко Синодалната грамота е сведоштво за конфликтот меѓу приврзаниците на идејата за самостојност на Бугарската црква и исихастите, кои се придржувале за традиционалната идеја за Цариградската црква како „мајка црква“ на останатите. Б. Николова смета дека нема причина за судир помеѓу Теодосиј, Роман и другите исихасти и Трновската патријаршија и дека во тој поглед некои од параграфите на грамотата се толкуваат погрешно, (cf. Б. Николова, *Устройство и управление на българската православна църква (IX – XIV век)*, София 1997, 207, 303-304).

[19] К. Иванова, *Житието на Варвар Мироточец Пелагонийски (Битолски)*, 55.

малку веројатно. За разрешување на ова прашање заслужува внимание податокот на Акакиј Саваитис дека мироточивите мошти се наоѓаат во Горатa на ќелиите на три дена одење северно од Лариса. Под ова име се среќава планината Кисавос (Оса) која се наоѓа во областа на Лариса и е богата со средновековни монашки живеалишта.[20] Оваа гора одговара и на описот даден во житието за Пелагониската Гора, бидејќи се спушта до морето. Уште повпечатливо е тоа што во подножјето на планината од страната на морето се наоѓа извор на црвена вода богата со метали наречен „Кокино неро“ (Црвена вода), што секако може да се поврзе со изворот на миро од житието. Така, според нашето мислење токму оваа е вистинската историска локација на моштите и мироточивиот извор на свети Варвар во Елада. Со Душановите освојувања за време на сојузот со Јован Кантакузин на југ во Тесалија, изворот на свети Варвар станал достапен за паствата на Охридската архиепископија, а преку неа и на Трновската патријаршија, така што сосем природно култот почнал да се шири на север. Така мошне веројатна е претпоставката Трновската патријаршија да го земала мирото на свети Варвар од некој манастир во Пелагонија, во кој претходно било носено миро од изворот во Горатa на ќелиите, па поради тоа авторот на житието погрешно да го поврзал светителот со Пелагонија. Секако, тука е несомнена и тенденцијата на Трново светителот да се претстави како светител на Охридската архиепископија,[21] па затоа не случајно во житието е воведен и архиепископот Охридски Тома, кој не е посведочен во ниту еден друг извор.[22]

Наведените размислувања уште еднаш упатуваат на поставената теза дека Житието на свети Варвар Пелагониски претставува модификација на култот кон свети Варвар Еладски. Изворите на авторот се веќе спомнатите постари грчки текстови.[23] Но, она што е значајно за забелешка, пред да преминеме на анализа на иконографските изобразувања на свети Варвар, се елементите во Житието кои го оддалечуваат ликот на светителот од оној кој е претставен во грчките верзии. Несомнено рамката на сижето е идентична. Но, при читањето на Житието на свети Варвар Пелагониски се добива впечаток дека текстот е спој на два одделни дела од кои само едниот има врска со повеста на Акакиј и пофалното слово на Константин Акрополит. Вториот дел кој го разработува подвижничкиот живот на свети Варвар е комплетно оригинална творба. Во него светителот е пред сè анахорет и преку неговиот лик се става акцент на отшелничката светост, но детално е опишан и неговиот живот во општожителен манастир. Уште во самиот наслов, светителот се именува како „преподобен“, а не како покајан разбојник, како што е случај во другите житијни текстови. Исто така, во Житието на свети

---

[20] Cf. Β. Ν. Τσολάκης, «*Το όρος των κελλίων». Οι πλαγιές του ανατολικού Κισσάβου*, Λάρισα 2016; Ν. Νικονάνος, *Ασκηταριά του Κισσάβου*, Θεσσ. Ημερολόγιο Δ΄, Λάρισα 1983, 11-16.

[21] К. Иванова, *Житието на Варвар Мироточец Пелагонийски (Битолски), op. cit*., 55.

[22] И. Снегаров, *История на Охридската архиепископия*, т. I, София 1924, 213.

[23] К. Иванова, *Житието на Варвар Мироточец Пелагонийски (Битолски), op.cit*., 56.

Варвар Пелагониски оковите не претставуваат знак на покајание на разбојникот и целосно отсуствува елементот дека тие се исковани од неговото убиствено оружје. Спротивно на тоа, овде веригите се среќаваат на самиот крај, како своевидна подготовка на веќе „блажениот отец“ Варвар за маченииштвото и смртоносната рана од која блика миро.[24]

Неодминлив индикатор за следење на култот кон свети Варвар се и неговите иконографски изобразувања. Најраните портрети на свети Варвар ги среќаваме токму во монументалниот живопис од средината на XIV век, на територијата на денешна Р. Македонија, што се поклопува со времето на настанување на словенското житие. Најрано датиран е портретот од првата зона на вториот кат од галеријата на храмот Света Софија во Охрид (1346 – 1350г.)[25] (сл. 1). Овој фрескоживопис датира од периодот на архиепископството на Николај, кога еден од ктиторите на Света Софија е деспотот Јован Оливер.[26] Уште тука се забележуваат основните иконографски елементи карактеристични за светителот: темната кожа, кратката кадрава бела брада и коса, и оковите. Но, во ова за сега најрано познато изобразување, свети Варвар е претставен полугол со перизома. Во припрата на Лесновскиот манастир (1349 г.), кој е ктиторство на Јован Оливер, свети Варвар е изобразен во првата зона на северниот ѕид на југозападниот пиластер[27] (сл. 2). Како во повеќето примери кои следуваат, тој е изобразен во отшелничка облека до колената и со куси ракави. Но, овде за првпат светителот е претставен со монашка схима. Следниот негов познат портрет е од манастирот Матејче (1356/1357 г.), каде што е претставен на северниот ѕид од нартексот, полугол со перизома.[28] На истото место е насликан и во манастирот Зрзе (1368/1369 г.),[29] каде што се следи иконографскиот тип од Лесново (сл. 3). Единствениот негов познат портрет од XIV век, кој е надвор од Македонија, е сочуваниот во Богородичната црква во манастирот Козја во Влашка (крај на XIV век).[30] Ова е и единствениот пример на изобразување на свети Варвар без окови.

Од XV век познати се два портрета од територијата на Бугарија. Едниот е вклучен во иконографската програма на храмот во Драгалевскиот манастир (1476 г.), во првата зона на северниот ѕид од нартексот.[31] Особено е карактеристичен

[24] Ibid., 54.
[25] Влева погрешно посочува дека овој портрет е на северниот ѕид од параклисот на Јован Оливер. Станува збор за надворешниот северен ѕид од параклисот, што всушност е внатрешен ѕид на горниот кат од Григориевата галерија, cf. Ц. Вълева, *Образът на св. Варвар Пелагонийски в притвора на църквата в Кремиковския манастир*, Palaeobulgarica / Старобългаристика 29 (2).
[26] Ц. Грозданов, *Охридско̄то ѕидно сликарс̄тво од XIV век*, Охрид 1980, 76. авторот го идентификува како св. Варвар Етиопјанин.
[27] С. Габелић, *Манас̄тир Лесново.* Историја и сликарство, Београд 1998, 203-204, 216, 220.
[28] Е. Димитрова, *Манас̄тир Ма̄тејче*, Скопје 2002, 223, 261. Следејќи го Грозданов, Димитрова го идентификува како свети Варвар Етиопец.
[29] И. Ђорђевић, *Зидно сликарс̄тво срūске влас̄теле у доба Немањића*, Београд 1994, 179.
[30] Вълева, *op. cit.*, 54.
[31] Г. Суботић, *Охридска̄та сликарска школа од XV век*, Охрид 1980, 122.

портретот од Кремиковскиот манастир (1493 г.) (сл. 4). Свети Варвар е облечен во великосхимничка монашка општожителна облека: сиво-син хитон, схима, сиво-кафеава мантија и црвени обувки. На вратот и рацете има окови, а во левата рака држи стаклен сад, до половина полн со црвена течност, додека со десната рака покажува кон садот.[32]

Во наредните векови ликот на свети Варвар постепено сѐ помалку се среќава во иконографскиот репертоар. Така од XVI век е познат само портретот од манастирот Грачаница (1570 г.) каде што е изобразен во првата зона од западниот ѕид на нартексот[33] (сл. 5). На самиот почеток од XVII век го среќаваме во храмот на архонтот Апостолакис во Костур (1606 г.)[34] во првата зона на западниот ѕид на нартексот (сл. 6), и во католиконот на Слимничкиот манастир (1606/1607 г.) на јужниот ѕид од наосот[35] (сл. 7). На овие два портрета отсуствува монашката схима. Најдоцнежниот познат лик на свети Варвар, на територијата на географска Македонија, е сочуван на јужниот ѕид во трпезаријата на манастирот Хиландар и датира од 1622 г. (сл. 8). Впечатливо е тоа што на овој портрет светителот е изобразен млад и е сигниран како свети Варвар Јуродив и исто така, на овој портрет отсуствуваат монашките обележја. Во XVIII век единствените сочувани портрети на свети Варвар ги среќаваме во јужна Грција, во манастирот Свети Јован Крстител во Вомвоку кај Навпакт (сл. 9) и во храмот Свети Атанасиј во Елатија (сл. 10); и двата портрета го следат лесновскиот прототип.

Впечатливо е тоа што најголемиот број од сочуваните споменици во кои е изобразен ликот на свети Варвар се храмови од диецезата на Охридската архиепископија или храмови насликани од зографи кои се тесно поврзани со Охрид и Костур како главни центри на Архиепископијата.[36] Но, она што е особено карактеристично е еволуцијата на иконографскиот тип на светителот, која особено впечатливо може да се следи во примерите од XIV и XV век, а според нашето мислење е директно условена од Житието на свети Варвар Пелагониски. Така, Смилка Габелиќ уште во портретот од Лесновскиот манастир ги забележува првите влијанија на ова житие.[37] Нејзината забелешка е прилично

---

[32] Вълева, *op. cit.*, 49-64.

[33] Б. Тодић, *Грачаница, сликарсшво*, Београд 1999, 248-249.

[34] Σ. Πελεκανίδης, *Καστόρια: Βυζαντιναί τοιχογραφίαι*, Θεσσαλονίκη 1953, Πιν. 243β, Πιν. 232α.

[35] П. Миљковиќ-Пепек, *Исшорискише и иконографскише проблеми на нейроучената црква св. Богородица од Слимничкиош манасшир крај Преспанскошо Езеро*, Зборник на Филозофски факултет, 5-6, 1978/1980, 187.

[36] Врската на ѕидното сликарство од Драгалевскиот манастир од 1476 со Охридската сликарска школа е докажана одамна, (cf. Суботић, *op. cit.*, 116-134). Што се однесува до вбројувањето на живописот од Кремиковци кон Костурската сликарска школа од последните две децении на XV век и почетокот на XVI век, види: M. Garidis, *La peinture murale dans le monde orthodoxe après la chute de Byzance (1450-1600) et dans les pays sous domination étrangère*, Athènes 1989, 86-88, 109-111; Г. Суботић, *Косшурска сликарска школа. Наслеђе и образовање домаћих радионица*, Глас САНУ, 384, Одељење историјских наука, кн. 10, Београд 1998, 124-125; Ε. Δρακοπούλου, *Η πόλη της Καστοριάς τη βυζαντινή και μεταβυζαντινή εποχή (12ος–16ος αι.): Ιστορία–Τέχνη–Επιγραφές*, Αθήνα 1997, 121.

[37] Габелић, *op. cit.*, 203.

точна, бидејќи схимата како карактеристика на монашката облека упатува на монашки потстриг на светителот, што е посведочено единствено во словенското житие. Овој иконографски модел се следи и во Зрзе, Драгалевскиот манастир, Грачаница, и портретите од јужна Грција за разлика од Света Софија и Матејче, каде светителот е претставен полугол со перизома и Костур, Сливница и Хиландар, каде светителот е во хитон до колената со кратки ракави и без монашки обележја. Монашките атрибути на светителот го достигнуваат својот врв во претставата од Кремиковскиот манастир, каде светителот е насликан во полна монашка облека како општожителен монах, како што беше наведено. Податокот за општожителен монашки живот на свети Варвар го среќаваме единствено во словенското житие за свети Варвар Пелагониски, и според Геров,[38] токму тоа сакал да го нагласи и зографот при оваа иконографска претстава. Стаклениот сад со миро, кој го држи светителот на оваа претстава, освен со житието, може директно да се поврзе и со актот на патријархот Калист I.

Од направениот преглед на портретите на свети Варвар, се забележува дека тој најчесто се слика во нартексот на манастирските храмови, најчесто на северниот ѕид, секогаш во првата зона помеѓу монасите и отшелниците. Најчесто до него се сликаат свети Мојсеј Мурин и света Марија Египетска, и заедно ја сочинуваат групата на покајници кои се осветиле преку подвигот, но често се слика и до големите подвижници свети Петар Атонски, свети Алексеј човек Божји, свети Онуфриј, свети Висарион и свети Павле Тиваидски. Сликањето на светителот во нартексот, исто така, може да се поврзе директно со словенското житие, имајќи предвид дека според житието светителот бил окован од страна на свештеникот во пелагониското село, токму во нартексот на храмот.[39]

Преплетувањето на хагиографските и иконографските традиции за свети Варвар Мироточив, претставува комплексна тема која во иднина претстои да биде подетално истражена. Несомнено, клучна улога во ширењето на неговиот култ одиграла Охридската архиепископија. Житието, пак, на свети Варвар Пелагониски, како клучен носител на овој култ сè до Влашка и Молдавија претставува самостојна литературна преработка, која на една веќе оформена хагиографска традиција ѝ дава нови конотации, кои се иницирани од новонастанатата историска ситуација и имаат конкретни политички цели. Несомнено овој житиен текст ќе најде своја рефлексија и во иконографскиот израз, како силен индикатор на неговиот култ.

---

[38] G. Gerov, *La peinturemonumentale en Bulgarie pendant la deuxièmemoitié du XVe – début du XVIème siècle,* Nouvelles données, Ζητήματα μεταβυζαντινής ζωγραφικής στη μνήμη του Μανόλη Χατζηδάκη, Αθήνα 2002, 151-152.

[39] Cf. Яцимирский, *op. cit.*, 50.

Viktor Nedeski

# THE SLAVIC HAGIOGRAPHICAL TRADITION OF ST. BARBAROS OF PELAGONIA AND ITS EXPRESSION IN THE ART OF THE BALKANS FROM THE 14th TO THE 18th CENTURIES

SUMMARY

The intertwining of hagiographic and iconographic traditions for St. Barbaros the Myrrhgrusher is a complex topic that shall be explored in more detail in the future. According to data from hagiographic sources, they can be limited to two types of saints: 1. holy warrior and 2. ascet-martyrs. In the sources the story of the penitent - ascetic and martyr is most often located in Northern Greece.

But, unlike the Greek hagiography, the Slavic hagiographic tradition represented through the extensive Slavic Vita of Saint Barbaros, presents a different geographical arrangement of the events, closely connecting the life of the saint with Pelagonia and the Ohrid Archbishopric.

The Vita is preserved in five transcripts, all made in Moldova during the 15th century, and represents one of the earliest original attempts of the Trnovo Hagiographic School, made around the middle of the 14th century, when there were close ties between the Trnovo Patriarchate and the Ohrid Archbishopric.

What leaves the strongest impression when comparing the Vita of Saint Barbaros of Pelagonia with the Byzantine texts for Saint Barbaros of Greece is the different geographical arrangement of the events. Saint Barbaros crosses the coast near Durres far to the south. He lived in the coastal desert for several years, and from there he moved northeast to a village in Pelagonia. He spends 17 years in the Pelagonia mountain.

In our opinion, the true historical location of the relics and the myrrh-bearing spring of St. Barbaros is in Greece on Mount Kissavos (Osa) which is located in the area of Larissa and is rich with medieval monastic dwellings. Thus, the Vita of Saint Barbaros of Pelagonia is a modification of the cult of Saint Barbaros of Greece.

An unavoidable indicator for following the cult of St. Barbaros are his iconographic depictions. The earliest portraits of Saint Barbaros can be found in the monumental frescoes from the middle of the XIV century, on the territory of R. Macedonia, which coincides with the time of the origin of the Slavic Vita.

It is noteworthy that most of the preserved monuments in which the portrait of St. Barbaros is depicted are temples from the diocese of the Ohrid Archbishopric or temples painted by painters that are closely connected with Ohrid and Kastoria as the main centers of the Archdiocese. The schema as a characteristic of the monastic clothing, which is found in many of these portraits, refers to the monastic character of the saint, which is witnessed only in the Slavic Vita.

The Vita of St. Barbaros of Pelagonia, as a key bearer of this cult all the way to Wallachia and Moldavia, is an independent literary adaptation, which gives an already formed hagiographic tradition new connotations, which are initiated by the newly created historical situation and have specific political goals. Undoubtedly, this hagiographical text will find its reflection in the iconographic expression, as a strong indicator of his cult.



1. Свети Варвар од галеријата на храмот Света Софија во Охрид, 1346 – 1350 г.



2. Свети Варвар од Лесновскиот манастир, 1349 г.



3. Свети Варвар од манастирот Зрзе , 1368-1369 г.



4. Свети Варвар од Кремиковскиот манастир, 1493 г.




5. Свети Варвар од манастирот Грачаница, 1570 г.



6. Свети Варвар од храмот на архонтот Апостолакис во Костур, 1606 г.



7. Свети Варвар од Слимничкиот манастир, 1606-1607 г.



8. Свети Варвар од трпезаријата наманастирот Хиландар, 1622 г.



9. Свети Варвар од манастирот Свети Јован Крстител во Вомвоку кај Навпакт (XVIII в.)



10. Свети Варвар од храмот Свети Атанасиј во Елатија (XVIII в.)